**З А П И С Н И К**
**од Шеесет и деветтата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 22.5.2018 година**

**Скопје, мај 2018 година**

**З А П И С Н И К**
**од Шеесет и деветтата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 22.5.2018 година**

Седницата започна во 12:40 часот.

На седницата претседава претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев како и заменикот на претседателот на Владата задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев.

На седницата присуствуваше заменикот на претседателот на Владата задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи и членовите на Владата на Република Македонија д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, д-р Венко Филипче, министер за здравство, Мила Царовска, министер за труд и социјална политика, м-р Роберт Алаѓозовски, министер за култура, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Садула Дураки, министер за животна средина и просторно планирање, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Рената Дескоска, министер за образование и наука, Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, д-р Аднан Ќахил, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Аксел Ахмедовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија и Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, како и генералниот секретар на Владата на Република Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Македонија Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на седницата присуствуваа д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за внатрешни работи, д-р Беким Максути, заменик на министерот за одбрана, Оливер Ристовски, заменик на министерот за правда, Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација и Гоце Чакаровски, заменик на министерот за здравство.

На седницата присуствуваа и Миле Бошњаковски и Муамет Хоџа, портпароли на Владата на Република Македонија и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, Ирфан Асани, директор на ЈП Македонски железници Инфраструктура - Скопје, Кристијан Трајковски, директор на АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје, Емилија Вељановска, претседател на Комисијата за процена и утврдувањена висината на штети од елементарни непогоди, како и Магдалена Шалдева, Илина Мангова и Марија Саздевски од Меѓународниот републикански институт (ИРИ).

Од седницата отсуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски, заменикот на претседателот на Владата и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска, заменикот на претседателот на Владата задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Хазби Лика и членовите на Владата на Република Македонија, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, Билен Саљији, министер за правда, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација и Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора.

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

**Пред преминување на Дневен ред**

- Состојби и напредок во процесот на европска интеграција
- Користење и имплементација на фондовите од ЕУ
- Информација за предлог решение за задржување на кадарот во ИПА структурата

**А) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ВОДИ РАСПРАВА И СЕ ОДЛУЧУВА**

**а) гости**

1. Информација за реализација на постапка за прием на 80 лица во Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Македонски железници - Скопје

2. Информација за потребата од донесување на Одлука за долгорочно задолжување на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје, и Одлука за одобрување на работењето на Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје во врска со донесување на одлуката за давање согласност за засновање на заложно право на имотот дефиниран со Договорот за долгорочен кредит бр.1207-35548/3 од 7.5.2018 година

3. Барање за донесување на одлука за отстапување на 600.000 литри Еуродизел БС гориво, од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Македонски железници Транспорт АД - Скопје, со Предлог-одлука

4. Годишна програма за давање на услуги за воздухопловна навигација за 2018 година на М-НАВ АД Скопје, со Предлог-одлука

5. Годишен финансиски план за 2018 година на М-НАВ АД Скопје, со Предлог-одлука

6. Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредбата за распоредувањето на одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно со регулативите на Европската комисија (17)

7. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за утврдување на Националната номенклатура на индустриски производи, 2008

8. Информација за спроведување на мерката за заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства

9. Информација за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на единиците на локална самоуправа (ЕЛС), со предлог-одлуки

10. Информација за потреба од спроведување на постапка за доделување на повеќегодишен Договор за јавна набавка за избор на независен надзорен орган при изградба на внатрешната инфраструктура во ТИРЗ Тетово

11. Извештај за реализирана Годишна програма за работа на Институтот за акредитација на Република Македонија за 2017 година

12. Одлука за продажба на акциите на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија на јавна берзанска аукција број 02-1816/1 од 13.4.2018 година, со Предлог-одлука

13. Одлука за продажба на уделите на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија на јавна берзанска аукција број 02-1817/1 од 13.4.2018 година, со Предлог-одлука

14. Информација за обврските кои произлегуваат од Законот за заштита на културното наследство поврзани со реализација на правото на правичен надоместок поради ограничување од режим на заштита, правото на првенствено купување и експропријација

15. Информација за донесување на Одлука за измена на Изјавата за основање на Трговското друштво "Нафтовод" ДООЕЛ Скопје, со Предлог-одлука

16. Информација, со Правилник за начинот на вклучување и работа на стручните лица во работата на Фондот за иновации и технолошки развој и Тарифник за висина на надоместок за направена евалуација и дадено стручно мислење на стручни лица, со предлог-одлуки

17. Информација во врска со измените и дополнувањата на Правилник за инструментот за поддршка - кофинансирани грантови за воспоставување, работење и инвестиции на деловно-технолошки акцелератори и Правилник за инструментот за поддршка - кофинансирани грантови за технолошка екстензија

18. Збирен извештај за настанатите штети од елементарни непогоди кои ги зафатија општините: Дебарца, Кичево, Охрид, Ранковце и Ресен

19. Информација за усвојување на Годишната сметка, Годишниот извештај за работа, Финансискиот извештај за 2017 година и Одлуката за распределба на добивката на Друштвото за производство, промет и услуги „Препород“ ДООЕЛ Скопје, со предлог-одлуки и дополнување

20. Предлог-одлука за запишување на право на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Македонија во катастарот на недвижностите.ДП.Бр.03-162/18

21. Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Општина Куманово

22. Информација за давање во закуп на недвижни ствари - две простории со намена бифе во состав на зградата сопственост на Република Македонија, чиј корисник е Основниот суд Скопје II-Скопје, со Предлог-одлука и дополнувања кон материјалот

23. Барање за согласност на Предлог-листата за именување на улици, плоштади и други инфраструктурни објекти на подрачјето на Општина Крива Паланка

24. Предлог-одлука за пренесување на правото на сопственост на недвижна ствар на Општина Велес

25. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад

26. Барање согласност за отуѓување на амортизирани движни ствари, со предлог-одлуки

**б) економски систем и тековна економска политика**

27. Предлог-закон за работното време на мобилните работници во патниот сообраќај и уредите за запишување во патниот сообраќај

28. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за превоз во патниот сообраќај

29. Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредбата за видот на активности, максималниот износ по активности, корисниците, субјектите кои

учествуваат во постапката, поблиските критериуми и начинот за доделување на техничката поддршка во земјоделството и руралниот развој

30. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година

31. Предлог-програма за изменување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2018 година

32. Информација за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на магацин со анекс и придружен објект-портирница КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, со Предлог-одлука

33. Информација за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на проект за инфраструктура за изградба на главен доводен цевковод од ХМС Равен - Речица КО Равен, КО Здуње и КО Дебреше, Општина Гостивар, КО Зубовце, КО Врпчиште, КО Галате, КО Добри Дол, КО Неготино - Полошко и КО Сенокос, Општина Врапчиште, КО Пирок - вон г.р., КО Боговиње - вон г.р., КО Камењане -вон г.р. и КО Долно Палчиште, Општина Боговиње, КО Голема Речица - вон г.р. Општина Тетово

34. Информација за текот на преговори за пристапување кон Спогодбата на Светската трговска организација за јавни набавки

35. Информација во врска со статусот на реализација на договорите за концесија за вода за изградба на мали хидроелектрични централи склучени со Министерството за економија

36. Информација во врска со одржување Годишно собрание на акционери на Тутунски комбинат АД Прилеп, закажано за 30.05.2018 година

37. Информација во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесени од хотел Пела - Охрид со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект

38. Информација во врска со поднесено барање за категоризација на угостителски објект за сместување од хотел Бетон - Дојран, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект

39. Информација во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесени од хотел Панорамика - Скопје, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект

40. Информација во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - варовник на локалитетот „Кутлишта“ КО Цер, Општина Кичево

41. Информација во врска со поднесените иницијативи за започнување на постапка за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерална суровина - варовник на локалитетите „Бела Вода и Чаршија“ Општина Ѓорче Петров и „Остра Чука“ Општина Долнени, со Предлог-одлука

42. Информација во во врска со Јавниот повик за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини и тендерска документација за спроведување на постапката за локалитетите „Трница“ Општина Студеничани и „Фабрика Кватро“ Општина Куманово по Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини („Службен весник на Република Македонија“ бр.46/18)

43. Информација од потребата за спроведување на повеќегодишна јавна набавка за избор на независка ревизорска куќа, за потребите на проектот „Рехабилитација на источниот дел од железничката пруга на коридор VIII, фаза 1 - делница Куманово - Бељаковце“, финансиран по пат на заем од Европската банка за обнова и развој

44. Информација од потребата за спроведување на повеќегодишна јавна набавка за избор на независна ревизорска куќа, за потребите на проектот "Подобрување на железничка пруга Коридор 10", финансиран по пат на заем од Европската банка за обнова и развој

45. Информација во врска со потребата за донесување на Програма за определување средства потребни за доделување финансиска поддршка за поттикнување и развој на воздушниот сообраќај во Република Македонија на домашни и странски превозници за периодот од 2018-2021 година и Уредба за начинот, поблиските критериуми за доделување на финансиска поддршка на домашни и странски авиопревозници и потребната документација која треба да се достави од корисниците на финансиската поддршка

46. Информација со Предлог одлука за утврдување на геодетските работи за посебни намени сврзани со ажурирање на геодетски подлоги во функција на планирање на просторот, предвидено со Годишната програма за финансирање на изработката на урбанистички планови, регулациони планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко-планска документација и урбанистичко-проектна документација, за изработка на ажурирана геодетска подлога за урбанистичко проектна документација за КП бр.859/1; КП бр278/6; КП бр.509; КП бр.648/1;КП бр.649; КП бр.647/2; КП бр.650; КП бр.566/2; КП бр.566/3; КП бр.282/5; КП бр.402/6; КП бр.860; КП бр.692/2; КП бр.307/1; КП бр.913; КП бр.697; КП бр. 692/5; КП бр.999; КП бр.693/1; КП бр.693/2; КП бр.693/3; КП бр.268/3; КП бр.284/3; КП бр.277/6; КП бр.277/7; КП бр.279/5; КП бр.694/1; КП бр.694/2; КП бр.302/1; КП бр.663; КП бр.268/4; КП бр.270/13; КП бр.277/9; КП бр.310/6; КП бр.310/7; КП бр.279/6; КП бр.301/6; КП бр.282/6; КП бр.270/12; КП бр.270/11; КП бр.302/6; КП бр.282/8; КП бр.309/1; КП бр.284/1; КП бр.284/2; КП бр.672/1; КП бр.472/3; КП бр.278/1; КП бр.265/2; КП бр.976/2; КП бр.462; КП бр.511/1; КП бр.408; КП бр.658/11; КП бр.658/10; КП бр.279/7; КП бр.647/1; КП бр.492; КП бр.402/2; КП бр.648/2; КП бр.456/1; КП бр.972; КП бр.973; КП бр.464; КП бр.463; КП бр.461; КП

бр.979/1; КП бр.977/1; КП бр.976/1; КП бр.975/1; КП бр.507; КП бр.506; КП бр.505; КП бр.504; КП бр.503/1; КП бр.497; КП бр.496; КП бр.495; КП бр.494; КП бр.493; КП бр.490; КП бр.488/1; КП бр.485; КП бр.480; КП бр.477/1; КП бр.477/2; КП бр.488/2; КП бр.488/3; КП бр.501/2; КП бр.503/2; КП бр.519/2; КП бр.519/3; КП бр.977/2; КП бр.976/3; КП бр.979/2; КП бр.975/2; КП бр.975/3; КП бр.695/2; КП бр.508; КП бр.522; КП бр.646; КП бр.562; КП бр.692/1; КП бр.671/1; КП бр.278/8; КП бр.301/4; КП бр.301/5; КП бр.488/4; КП бр.488/5; КП бр.544;КП бр.516; КП бр.511/2; КП бр.472/2; КП бр.450/1; КП бр.502; КП бр.501/1; КП бр.651/2; КП бр.712; КП бр.566/1; КП бр.970; КП бр.309/2; КП бр.282/4; КП бр.282/3; КП бр.713/2; КП бр.279/3; КП бр.307/2; КП бр.664; КП бр.907/2; КП бр.668/4; КП бр.668/1; КП бр.302/5; КП бр.302/3; КП бр.302/2; КП бр.301/8; КП бр.670; КП бр.269/1; КП бр.268/2; КП бр.267; КП бр.978; КП бр.308; КП бр.472/1; КП бр.471; КП бр.669; КП бр.478; КП бр.510; КП бр.281; КП бр.279/12; КП бр.279/11; КП бр.519/1 во КО Идризово и КП бр.406/1; КП бр.406/2; КП бр.406/3; КП бр.406/4; КП бр.406/5; КП бр.406/6; КП бр.406/7; КП бр.406/8; КП бр.406/9; КП бр.406/10; КП бр.413/1; КП бр.413/2 во КО Идризово - вон град

**в) политички систем**

47. Предлог-закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Советот на Министри на Босна и Херцеговина за условите за патување на државјаните на двете земји

48. Информација за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2018/89 на Советот од 22 јануари 2018 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2016/849 за рестриктивни мерки против Демократска Народна Република Кореја, со Предлог-одлука

49. Информација за воведување на рестриктивните мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2018/280 на Советот од 23 февруари 2018 година за изменување на Одлука 2012/642/ЗНБП за рестриктивните мерки против Белорусија, со Предлог-одлука

50. Информација за воведување на рестриктивни мерки согласно за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2018/283 на Советот од 26 февруари 2018 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2016/1693 за рестриктивни мерки против ИСИС (Даеш) и Ал Каеда и лица, групи, претпријатија и субјекти кои се поврзани со нив, со Предлог-одлука

51. Информација за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2018/459 на Советот од 19 март 2018 година за изменување на Одлуката 2011/173/ЗНБП за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Босна и Херцеговина, со Предлог-одлука

52. Годишен извештај за примената на Законот за бесплатна правна помош

**г) човечки ресурси и одржлив развој**

53. Предлог-програма за изменување на Програмата за превенција на кардиоваскуларни болести (КВБ) во Република Македонија за 2018 година

54. Информација со Спогодба помеѓу Министерството за образование и вработување на Република Малта и Министерството за образование и наука на Република Македонија за взаемно признавање на високообразовните степени, дипломи и сертификати

55. Информација за изменување на Решението за именување на членови на Советот за безбедност и здравје при работа, со Предлог-решение

**Б) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ОДЛУЧУВА БЕЗ РАСПРАВА**

**а) економски систем и тековна економска политика**

56. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Радовиш

57. Предлог-лиценца за приредување на игри на среќа во обложувалница на Друштвото за промет и услуги „СПОРТ-ЛАИФ ТРЕЈД“ ДОО Скопје за деловната просторија на ул.„Иво Лола Рибар“ бр.70Б лок.20 и 21, Скопје

**б) политички систем**

58. Предлог-одлука за престанок и за давање на времено користење на недвижна ствар на Здружението за афирмација на ликовното творештво, организација на ликовниот живот и збогатување на ликовната култура, друштво на ликовните уметници на Македонија, Скопје

59. Предлог-одлука за престанок и за давање на времено користење на недвижна ствар на Сојуз на борците од Народноослободителната и антифашистичка војна на Македонија 1941-1945 и граѓаните продолжувачи - Скопје

**в) човечки ресурси и одржлив развој**

60. Предлог-одлука за спојување на јавните здравствени установи Здравствен дом Гевгелија и Општа болница Гевгелија во Јавна здравствена установа Општа болница со проширена дејност-Гевгелија

61. Предлог-одлука за престанок и давање на трајно користење на движна ствар на Општина Штип

**г) предлози по кои Владата дава мислење**

**(а) по барање на Собранието на Република Македонија**

62. Предлог- закон за дополнување на Законот за празниците на Република Македонија

63. Годишен извештај на Комисијата за заштита на конкуренцијата за 2017 година

64. Годишен извештај за работата на Агенцијата за пошти за 2017 година

65. Годишен извештај за работата на Агенцијата за електронски комуникации за 2017 година

66. Посебен извештај на Државната комисија за спречување на корупцијата за можните злоупотреби на буџетските средства, јавните фондови и средствата на јавни претпријатија и други правни лица што располагаат со државен капитал за изборен период - предвремени парламентарни избори 2016 година

67. Извештај за работата на Регулаторната комисија за домување за период од 1.7.2017 до 31.12.2017 година

68. Годишен извештај за работата на Македонската радио телевизија за 2017 година

69. Годишен извештај за работата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2017 година

70. Годишен извештај за работата на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во 2017 година

71. Годишен извештај за работа на Агенцијата за администрација за 2017 година

72. Годишен извештај за работата на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка за 2017 година

73. Извештај за работата на Ректорот и Универзитетот „Св Климент Охридски" - Битола за академската 2016/2017 година, Извештај за финансиското работење и писмото на Универзитетот „Св Климент Охридски" - Битола број 14-482/1 од 28 март 2018 година

74. Барање за давање на автентично толкување на член 5 од Законот за Државно правобранителство, поднесено од пратеникот Реџаиљ Исмаили

75. Барање за давање на автентично толкување на член 13 од Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, („Службен весник на РМ бр. 132/17“), поднесено од Народниот правобранител Иџет Мемети

**(б) по барање на органи, организации и други правни лица**

76. Иницијатива поднесена од адвокат Павлина Зефиќ од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.19/2018 за поведување на постапка за оценување на уставноста на повеќе одредби од Законот за кривичната постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.150/2010 и 100/2012)

77. Понуда од нотар Сашо Клисаровски од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.94674 за КО Ѓорче Петров 2-Мирче Ацев на КП бр.5770

78. Понуда од нотар Ана Јолакоска за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1439 за КО Јурумлери на КП бр.153, викано место Динек

79. Понуда од нотар Роза Николова, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.393 за КО Ѓорче Петров 5 - Лепенец на КП бр.3448

80. Понуда од нотар Никола Спасовски за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.192529 за КО Драчево 2 на Кп 12227 и Имотен лист бр.1628 за ко Горно Лисиче на КП 2983

81. Понуда од нотар Никола Спасовски за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.14281 за КО Драчево на КП 2269 место викано Љубаш

82. Понуда од нотар Махир Зибери, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1892 за КО Чаир на КП бр.136

83. Понуда од нотар Махир Зибери за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 31188 за КО Чаир на КП бр.137

84. Понуда од нотар Махир Зибери за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.31186 за КО Чаир на КП бр.154

85. Понуда од нотар Ирфан Тахири за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.535 за КО Трубарево на КП 215 место викано Тасевица

86. Понуда од нотар Нита Џафери Исени, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.2112 за КО Тетово на КП 5150 викано место/ улица Г Теќе

87. Понуда од нотар Катерина Митревска за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.10050 за КО Горно Лисиче Градежен на КП 2143 место викано/ул.Каменик

88. Понуда од нотар Фатмир Ајрули, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр2979 за КО Јурумлери на КП бр.206

**д) други предлози**

89. Кадровски прашања

90. Прашања и предлози

**В) ЗА ИНФОРМИРАЊЕ**

91. Информација за текот и прогресот на активностите во врска со проектот ,, Физибилити студија за реконструкција и ставање во комерцијална употреба на мала хидроелектрична централа „Глажња“ и мала хидроелектрична централа „Липково“”

92. Информација за реализација на кредитите и проектите од ЕБРД со гантограм и реализација (динамика на реализација, технички и финансиски аспекти на имплементација)

93. Информација за текот и прогресот на активностите за реализација на проектот "Поддршка на Воздухопловната федерација"

94. Информација за прогресот на активностите од проектот „Посета на компании“ кои имаат проблем во постапката за приватизација на градежно земјиште во државна сопственост и за остварените средби со физички и правни лица за проблеми од имотно-правен карактер

95. Информација за донесувањето на новиот акт за внатрешна организација во врска со процесите на извршување на работните обврски, конкретно за постапување по барања за промени во катастарот на недвижности

96. Извештај за работата на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони за периодот од 1.7.2017 до 31.12.2017 година

97. Извештај за работа на Советот на Институтот за акредитација на Република Македонија за 2017 година

98. Информација во врска со статусот на реализација на Договорот за концесија за вода за изградба на мали хидроелектрични централи за локација бр.115 Бањанска Река на Концесионерот ЕМК ДООЕЛ Мали хидроелектрани

99. Информација за активностите на Министерството за внатрешни работи за спречување на бесправната сеча на шуми во периодот од 1.1.2018 до 31.3.2018 година

## Г) ДОПОЛНИТЕЛНИ ТОЧКИ

100. Предлог-фискална стратегија на Република Македонија за 2019-2021 година

101. Информација за започнување на подготвителни работи и претходна анализа на Брза помош/Pre-hospital Health Care, за основните показатели за природата на Договорот што треба да биде склучен со цел за воспоставување на јавно приватно партнерство

102. Информација за започнување на подготвителни работи и претходна анализа на ЈЗУ Универзитетски институт за позитронско-емисиона томографија, за основните показатели за природата на договорот што треба да биде склучен со цел за воспоставување на јавно приватно партнерство

103. Информација за започнување на подготвителни работи и претходна анализа за интегрирано менаџирање и иновативни решенија за хируршки зафати и здравствена заштита од болнички инфекции, за основните показатели за природата на Договорот што треба да биде склучен со цел за воспоставување на јавно приватно партнерство

104. Информација за статусот на преговорите со Банката за развој при Советот на Европа, досегашните активности на Клиничкиот центар „Мајка Тереза“ и запирање на проектот за изградба и модернизација на истиот

105. Информација за започнување на подготвителни работи и претходна анализа на ЈЗУ 8ми Септември во Скопје за обезбедување квалитетни и безбедни здравствени услуги за македонските граѓани според најдобрата светска пракса, за основните показатели за природата на Договорот што треба да биде склучен со цел воспоставување на јавно приватно партнерство

106. Информација за вработувањата во основните и средните училишта

107. Предлог-одлука за одобрување на средства од буџетот на Министерството за образование и наука за 2018 година

108. Информација со Предлог-одлука за доделување на средства за реализирање на студиските програми за 2018 година на Приватната високообразовна установа Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово

109. Информација со Предлог-одлуки за доделување на средства за реализирање на студиските програми на 2018 година за Православниот Богословски факултет „Св.Климент Охридски“ - Скопје придружна членка на Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ - Скопје и на Факултетот за Исламски науки - Скопје

110. Информација за набавка на услуги за колокација на информатичка опрема

111. Информација со Предлог-одлука за изменување и дополнување на Одлуката за давање на користење на недвижна ствар и Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерството за култура

112. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Генералниот Секретаријат на Владата на Република Македонија

113. Информација во врска со формирање на работна група која ќе подготви тендерска документација за спроведување на тендерска постапка за избор на универзален снабдувач со електрична енергија и снабдувач во краен случај со електрична енергија

*

*  *

**Пред преминување на Дневен ред:**

- **Состојби и напредок во процесот на европска интеграција**

По повод укажувањето на д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата, задолжен за европски прашања, во врска со подготовката на Планот 18, врз основа на предложената динамика, Владата заклучи:

1. Се задолжуваат Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија, Секретаријатот за европски прашања и Министерството за надворешни работи, во меѓусебна координација да ги преземат сите потребни активности за финализирање на Планот 18.

2. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во најкраток рок до Секретаријатот за европски прашања, да достави повратен одговор и соодветни мерки, кои ќе бидат содржани во Планот 18.

3. Се задолжува Агенцијата за храна и ветеринарство, во најкраток рок до Секретаријатот за европски прашања, да достави повратен одговор и соодветни мерки, кои ќе бидат содржани во Планот 18.

- **Користење и имплементација на фондовите од ЕУ**

  - *Информација за ИПА Акциската програма за 2019 година*

Владата ја разгледа Информацијата за ИПА Акциската програма за 2019 година и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за образование и наука, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, најдоцна до 28 Мај 2018 година да подготват матрица на потреби, приоритети и донаторски интервенции за секој сектор.

2. Се задолжуваат Министерството за образование и наука, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, најдоцна до 22 Јуни 2018 година да подготват логички рамки за акциските документи за ИПА 2019.

3. Се задолжуваат Министерството за образование и наука, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, најдоцна до 25 август 2018 година да достават Верзија 01 на акциските документи до Секретаријатот за европски прашања.

4. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 20 септември 2018 година да ја информира Владата на Република Македонија за статусот на програмирање на Акциската програма за 2019 година.

- **Информација за предлог решение за задржување на кадарот во ИПА структурата**

Владата ја разгледа Информацијата за Предлог-решение за задржување на кадарот во ИПА структурата и притоа заклучи:

- се задолжуваат Секретаријатот за европски прашања, Министерството за финансии, Секретаријатот за законодавство и Министерството за информатичко општество и администрација да остварат работна средба и во рок од 10 дена до Владата да достават конкетни предлози во насока на изнаоѓање соодветен начин за задржување на кадарот во ИПА структурата, преку дополнителна мотивација и наградувања за успешно завршените проекти, со цел Владата да одлучи за нивна понатамошна имплементација.

*

*　　　*

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата по Информацијата за реализација на постапка за прием на 80 лица во Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Македонски железници - Скопје, заклучи, заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, директорот на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Македонски железници - Скопје, Ирфан Асани, министерот за финансии, д-р Драган Тевдовски и министерот за економија, м-р Крешник Бектеши, за наредната седница на Владата да достават конкретно предлог решение.

## Точка 2

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на одлука за долгорочно задолжување на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје и Одлука за одобрување на работењето на Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје, во врска со донесување на Одлуката за давање согласност за засновање на заложно право на имотот дефиниран со Договорот за долгорочен кредит бр.1207-35548/3 од 7.5.2018 година, со предлог-одлуки (нов текст) и ја усвои со следниве нови заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје во врска со донесување на Одлуката за давање согласност за засновање на заложно право на имотот дефиниран со Договорот за долгорочен кредит бр.1207-35548/3 од 7.5.2018 година, во предложениот текст.

2. Се информира со Одлуката за започнување на преговори за кредитно задолжување на АД за изградба и стопанисување со станбен и деловен простор од значење за Републиката-Скопје за обезбедување средства за изградба на проектот Објект Државни институции ГП 7.1.1 ДУП Централно градско подрачје на Град Скопје - Мал Ринг во Скопје донесена од Одборот на директори на АД за изградба и стопанисување со станбен и деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

## Точка 3

Владата по Информацијата со Барање за донесување на одлука за отстапување на 600.000 литри Еуродизел БС гориво, од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Македонски железници „Транспорт“ АД - Скопје, со Предлог-одлука го донесе новиот текст на Одлуката за отстапување на нафтени деривати од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Македонски железници „Транспорт“ АД-Скопје (200.000 литри согласно Мислењето на Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати), во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи трошоците за акцизата и ДДВ за отстапените нафтени деривати да бидат на товар на Македонски железници „Транспорт“ АД-Скопје.

## Точка 4

Владата по Годишната програма за давање на услуги на воздухопловната навигација за 2018 година на М-НАВ АД Скопје го донесе новиот текст на Одлуката за одобрување на Програмата за давање на услуги на воздухопловната навигација за 2018 на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје, во предложениот текст.

Министерот за образование и наука, д-р Рената Дескоска се иззема од гласањето по оваа точка.

Истовремено, Владата укажува на потребата М-НАВ АД Скопје, да го оптимизира капацитетот на објектот согласно реалните потреби и пред да се објави тендерот за изградба, да ја информира Владата.

**Точка 5**

Владата по Годишниот финансиски план за 2018 година на М-НАВ АД Скопје го донесе новиот текст на Одлуката за одобрување на Годишниот финансиски план за 2018 година на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје, во предложениот текст.

Министерот за образование и наука, д-р Рената Дескоска се иззема од гласањето по оваа точка.

Истовремено, Владата го задолжи М-НАВ АД Скопје квартално да ја информира Владата за спроведувањето на Годишниот финансиски план за 2018 година.

**Точка 6**

Владата го донесе новиот текст на Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за распоредувањето на одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно со регулативите на Европската комисија, во предложениот текст.

**Точка 7**

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на Националната номенклатура на индустриски производи, 2008 (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 8**

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување на мерката за заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства, како материјал за информирање.

**Точка 9**

Владата ја разгледа Информацијата за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на единиците на локална самоуправа (ЕЛС), со Предлог-одлуки (нов текст), ја усвои Информацијата и ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Град Скопје.
2. Одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Општина Куманово.
3. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Општина Неготино.
4. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Општина Гостивар.
5. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Општина Прилеп.
6. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Општина Битола.

7. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Општина Велес.
8. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Општина Валандово.
9. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Општина Гевгелија.
10. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Општина Тетово.
11. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Општина Кочани и
12. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Општина Штип, во предложените текстови.

**Точка 10**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за договор за јавна набавка за избор на независен надзорен орган при изградба на внатрешна инфраструктура во ТИРЗ Тетово, за наредната седница на Владата, поради потребата од одржување на состанок помеѓу д-р Кочо Анѓушев, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Александар Младеновски, директор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и „Нормак инвестмент гроуп“ АД Тетово, концесионер на ТИРЗ - Тетово, со цел решавање на проблемите во врска со ова прашање.

**Точка 11**

Владата го разгледа и го усвои Извештајот за реализирана Годишна програма за работа на Институтот за акредитација на Република Македонија за 2017 година.

**Точка 12**

Владата по Одлуката за продажба на акциите на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија на јавна берзанска аукција број 02-1816/1 од 13.4.2018 година, со Предлог-одлука, го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Одлуката за продажба на акциите на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија на јавна берзанска аукција, во предложениот текст.

**Точка 13**

Владата по Одлуката за продажба на уделите на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија на јавна берзанска аукција број 02-1817/1 од 13.4.2018 година, со Предлог-одлука, го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Одлуката за продажба на уделите на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија на јавна берзанска аукција, во предложениот текст.

**Точка 14**

Владата ја разгледа Информацијата за обврските кои произлегуваат од Законот за заштита на културното наследство поврзани со реализација на правото на правичен надоместок

поради ограничување од режим на заштита, правото на првенствено купување и експропријација и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се укажува на надлежните установи: Национална установа „Завод за заштита на споменициte на културата и Музеј“ - Струмица, Национална установа „Конзерваторски центар“ - Скопје, Национален Конзерваторски центар - Скопје, Национална установа „Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј“ - Штип, Национална установа „Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј“ - Прилеп, Национална установа „Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј“ - Битола и Национална установа „Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј“ - Охрид, задолжително да изготват план со утврдени приоритети за реализација на правото на правичен надоместок поради ограничување од режим на заштита, правото на првенствено купување и експропријација, за најзначајните заштитени добра од културното наследство кои се во нивна територијална надлежност за кои постои можност да се применат посочените одредби, како и во рок од една година да ги завршат постапките за ревалоризација на регистрираните археолошки локалитети.

2. Се задолжува Министерството за транспорт и врски во рок од 15 дена да закаже работна средба со цел разгледување на Законот за просторно и урбанистичко планирање и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање.

3. Се задолжува Министерството за финансии во соработка со Министерството за транспорт и врски, во рок од 15 дена да закажат работна средба со цел разгледување на материјали во врска со Методологија за утврдување пазарна вредност на недвижен имот.

4. Се задолжува Министерството за финансии да ја разгледа можноста за обезбедување на финансиски средства на Управата за заштита на културното наследство за спроведување на обврските кои произлегуваат од Законот за заштита на културното наследство поврзани со реализација на правото на правичен надоместок поради ограничување на режимот на заштита, правото на првенствено купување и експропријација.

Истовремено, Владата заклучи Управата за заштита на културното наследство да ја достави Пресудата и целиот тек на судскиот предмет до Судски совет на Република Македонија, со цел истиот да биде разгледан и да се испита законитоста на одлучувањето.

## Точка 15

Владата ја разгледа Информацијата за донесување на Одлука за изменување на Изјавата за основање на Трговското друштво „Нафтовод” ДООЕЛ Скопје, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за изменување на Изјавата за основање на Трговското друштво „Нафтовод” ДООЕЛ Скопје, во предложениот текст.

## Точка 16

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата со Правилник за начинот на вклучување и работа на стручните лица во работата на Фондот за иновации и технолошки развој и Тарифник за висина на надоместок за направена евалуација и дадено стручно мислење на стручни лица, со Предлог-одлуки и го усвои со следниве заклучоци:

1. Го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Правилникот за начинот на вклучување и работа на стручните лица во работата на Фондот за иновации и технолошки развој, во предложениот текст.

2. Го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Тарифникот за висина на надоместок за направена евалуација и дадено стручно мислење на стручни лица, во предложениот текст.

**Точка 17**

Владата ја разгледа Информацијата со Правилник за инструментот за поддршка - кофинансирани грантови за воспоставување, работење и инвестиции на деловно-технолошки акцелератори и Правилник за инструментот за поддршка - кофинансирани грантови за технолошка екстензија, со предлог-одлуки (најнов текст) и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Правилникот за инструментот за поддршка - кофинансирани грантови за воспоставување, работење и инвестиции на деловно-технолошки акцелератори, во предложениот текст.

2. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Правилникот за инструментот за поддршка - кофинансирани грантови за технолошка екстензија, во предложениот текст.

**Точка 18**

Владата го разгледа Збирниот извештај за настанатите штети од елементарни непогоди кои ги зафатија општините: Дебрца, Кичево, Охрид, Ранковце и Ресен и го усвои со следниве заклучоци:

1. Го усвои предлогот на Комисијата дека штетите во општините Дебрца, Охрид и Ранковце, не претставуваат штети од поголем обем.

2. Се задолжува Министерството за финансии да подготви и до Владата да достави соодветна Предлог-одлука за одобрување на средства од Резервите на Буџетот на Република Македонија за 2018 година за парична помош во висина од 15% од износот на проценетата штета, на општина Кичево, наведен во Табела l, која да се смета за донесена на оваа седница на Владата.

**Точка 19**

Владата ја разгледа Информацијата за усвојување на Годишната сметка, Годишниот извештај за работа, Финансискиот извештај за 2017 година и Одлуката за распределба на добивката на Друштвото за производство, промет и услуги „Препород“ ДООЕЛ Скопје, со Предлог-одлуки и дополнување, ја усвои Информацијата и ги донесе новите текстови на :

1. Одлуката за усвојување на Годишната сметка на Друштвото за производство, промет и услуги „Препород“ ДООЕЛ Скопје за 2017 година,

2. Одлуката за усвојување на Годишниот извештај на Друштвото за производство, промет и услуги „Препород“ ДООЕЛ Скопје за 2017 година

3. Одлуката за усвојување на Финансискиот извештај на Друштвото за производство, промет и услуги „Препород“ ДООЕЛ Скопје за 2017 година и

4. Одлуката за распределување на добивка на Друштвото за производство, промет и услуги „Препород“ ДООЕЛ Скопје за 2017 година, во предложените текстови.

## Точка 20

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижности (КП. бр.3557 м.в. ул.„Железничка“ Б.Б. КО Гевгелија), во предложениот текст.

## Точка 21

Владата ја донесе Одлуката за давање на трајно користење на недвижна ствар на Општина Куманово (нов текст), во предложениот текст.

## Точка 22

Владата ја разгледа Информацијата за давање во закуп на недвижни ствари - две простории со намена бифе во состав на зградата сопственост на Република Македонија, чиј корисник е Основниот суд Скопје II-Скопје, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање во закуп на недвижни ствари, во предложениот текст.

## Точка 23

Владата го разгледа Барањето согласност на Листата за определување имиња на улици, плоштади и на други инфраструктурни објекти на подрачјето на Општина Крива Паланка и даде согласност на најновиот текст на Листата за определување имиња на улици, плоштади и на други инфраструктурни објекти на подрачјето на Општина Крива Паланка.

## Точка 24

Владата ја донесе Одлуката за пренесување на правото на сопственост на недвижна ствар на Општина Велес, во предложениот текст.

## Точка 25

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (најнов текст), во предложениот текст.

## Точка 26

Владата по Барањето согласност за отуѓување на амортизирани движни ствари, со предлог-одлуки и дополнување ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Полицискиот спортски планинарски клуб „7-ми Мај“ - Битола,

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Здружението на ловци „Сокол“ - Битола,

3. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Здружението за оддржлив развој на с.Маловишта и потпелистерските села „ЕКЕ“ Битола,

4. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Друштвото за туризам, угостителство, рекреација и спорт „ЕЛЕМ ТУРС“ ДООЕЛ - Скопје,

5. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Битола,

6. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство,

7. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Казнено - поправната установа Затвор - Битола,

8. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Здружението за поттикнување на одржлив развој во село Будимирци „Трновчица Будимирци“ Битола,

9. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Планинарското горскоспасително друштво „АВА КОТА - 1050“ Новаци и

10. Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, во предложените текстови.

## Точка 27

Владата го разгледа Предлог-законот за работното време на мобилните работници во патниот сообраќај и уредите за запишување во патниот сообраќај (најнов текст-22.5.2018 година), го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да го достави до Собранието.

За претставник на Владата на Република Македонија во Собранието е определен м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, а за повереник Елена Ангеловска-Атанасовска, раководител на сектор во Министерството за транспорт и врски.

## Точка 28

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за превоз во патниот сообраќај, го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски и м-р Ремзи Мехмеди, заменик на

министерот за транспорт и врски, а за повереник Елена Ангеловска Атанасовска, раководител на сектор во Министерството за транспорт и врски.

**Точка 29**

Владата го донесе најновиот текст на Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за видот на активности, максималниот износ по активности, корисниците, субјектите кои учествуваат во постапката, поблиските критериуми и начинот за доделување на техничката поддршка во земјоделството и руралниот развој, во предложениот текст.

**Точка 30**

Владата ја разгледа Предлог-програмата за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година (најнов текст) и ја донесе Програмата со заклучок предлагачот да изврши номотехничко усогласување на текстот на Програмата во Делот II, став 2 со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 31**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2018 година, во предложениот текст.

**Точка 32**

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на магацин со анекс и придружен објект-портирница КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на магацин со анекс и придружен објект-портирница КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, во предложениот текст.

**Точка 33**

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на проект за инфраструктура за изградба на главен доводен цевковод од ХМС Равен - Речица КО Равен, КО Здуње и КО Дебреше Општина Гостивар, КО Зубовце, КО Врпчиште КО Галате, КО Добри Дол, КО Неготино Полошко И КО Сенокос Општина Врапчиште, КО Пирок - вон г.р., КО Боговиње - вон г.р., КО Камењане -вон г.р. и КО Долно Палчиште Општина Боговиње, КО Голема Речица - вон г.р. Општина Тетово, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на проект за инфраструктура за изградба на главен доводен цевковод од ХМС Равен-Речица КО Здуње и КО Дебреше Општина Гостивар, КО Зубовце, КО Врапчиште, КО Галате, КО Добри Дол, КО Неготино Полошко и КО Сенокос Општина Врапчиште, КО Пирок-вон г.р., КО Боговиње-вон г.р., КО Камењане-вон г.р. и КО Долно Палчиште Општина Боговиње, КО Голема Речица-вон г.р. Општина Тетово, во предложениот текст.

**Точка 34**

Владата ја разгледа Информацијата за текот на преговори за пристапување кон Спогодбата на Светската трговска организација за јавни набавки, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за економија да подготви и најдоцна до 15.9.2018 година до Владата да достави информација за текот на преговори за пристапување кон Спогодбата на Светската трговска организација за јавни набавки.

**Точка 35**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со статусот на реализација на договорите за концесија за вода за изградба на мали хидроелектрични централи склучени со Министерството за економија и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за економија писмено да го извести концесионерот ИМПГ ДОО Скопје дека за локацијата бр.158 Кадина Река согласно член 13 став 7 од Договорот за концесија му се продолжува дополнителниот рок до 13.9.2018 година, во кој е должен да ги исправи пропустите во однесувањето и да отпочне со комерцијална работа.

2. Владата, како концедент, го одобри продолжувањето на рокот за започнување со комерцијална работа за следните локации:
- За локацијата бр. 105 Одранска Река до 27.9.2018 година на концесионерот Супер ноува енерги ДООЕЛ Тетово.
- За локацијата бр.106 Одранска Река до 28.10.2018 година на концесионерот Супер ноува енерги ДООЕЛ Тетово.
- За локацијата бр.107 Беловишка до 31.8.2018 година на концесионерот Супер ноува енерги ДООЕЛ Тетово.
- За локацијата бр. 104 Габровска Река до 18.12.2018 година на концесионерот Ани енергетик ДОО Тетово
- За локацијата бр.103 Габровска Река до 12.11.2018 година на концесионерот Норд енерџи гроуп ДООЕЛ Тетово и
- За локацијата бр.66 Љуботенска Река до 8.11.2018 година на концесионерот Трибека хидро ДООЕЛ Скопје

3. Се задолжува Министерството за економија во име на концедентот писмено да ги извести концесионерите дека им се одобрува продолжување на рокот за започнување со комерцијална работа како што е наведено во точка 2 од овие заклучоци, за што ќе треба да се потпишат анекси на договорите за концесија за вода за изградба на мали хидроелектрични централи за производство на електрична енергија.

4. Се овластува министерот за економија во име на Владата на Република Македонија, како концедент, да потпише анекси на договорите за концесија со кои се одобрува продолжување на рокот за започнување со комерцијална работа како што е наведено во точка 2 од овие заклучоци.

5. Се задолжува Министерството за економија да побара од концесионерите да достават анекси на гаранциите за изведба со кои важноста на гаранциите за изведба за локациите од точките 1 и 2 од овие заклучоци ќе се продолжи за најмалку 30 дена повеќе од рокот за почеток со комерцијална работа.

6. Се задолжува Министерството за економија во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање да подготви информација со акциски план за помош на инвеститорите во делот каде што имаат потешкотии со местното население и во рок од 30 дена да ја достават до Владата.

**Точка 36**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со одржување Годишно собрание на акционери на „Тутунски комбинат“ АД Прилеп, закажано за 30.5.2018 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Владата ги доставува заклучоците од оваа информација до овластеното лице, кое согласно член 392 од Законот за трговските друштва, има својство на полномошник и претставник на акциите на Владата на Република Македонија во друштвото, како инструкција за начинот на гласање на Годишното собрание на акционери на Тутунски комбинат АД Прилеп, закажано за 30.5.2018 година, односно да гласа како што е утврдено во третиот заклучок од оваа информација.

2. Владата да го извести Друштвото Тутунски комбинат АД Прилеп за издаденото полномошно на претставникот на своите акции во Друштвото.

3. Владата го одобрува начинот на гласање на Собранието од страна на својот претставник, по наведените точки од Дневниот ред и тоа:

ДНЕВЕН РЕД:

Процедурален дел:

1. Избор на работни тела на Собранието

а) Верификациона комисија од 3 члена

- По оваа точка од Друштвото е доставена Предлог-одлука за избор на верификациона комисија.

За оваа точка да се гласа „ЗА“.

б) 1 бројач на гласови.

- По оваа точка од Друштвото е доставена Предлог-одлука за избор на бројач на гласови.

За оваа точка да се гласа „ЗА“.

2. Избор на претседавач на собрание на акционери

- Во доставениот материјал за седницата дадена е Одлука за избор на претседавач на Собрание.

За оваа точка да се гласа „ЗА“.

Работен дел:

1. Одобрување на Билансот на финансиските извештаи на Тутунски комбинат АД Прилеп за периодот 1.1.2017 година до 31.12.2017 година.

(Предлог-одлука за одобрување на Билансите на финансиските извештаи)
Да се гласа „ЗА“, по претходно постапување согласно дадените препораки во Информацијата.

2. Разгледување и одобрување Годишен извештај за работењето на Тутунски комбинат АД Прилеп за деловната 2017 година.

(Во прилог: Предлог-одлука за одобрување на Извештајот за работењето на Тутунски комбинат АД Прилеп за деловната 2017 година.)
Да се гласа „ЗА“.

3. Одобрување на Годишната сметка и финансиските извештаи на Тутунски комбинат АД Прилеп за деловната 2017 година.

(Во прилог: Предлог-одлука за одобрување на Годишната сметка и финансиските извештаи на Тутунски комбинат АД Прилеп за деловната 2017 година).
Да се гласа „ЗА“, согласно дадените препораки во Информацијата.

4. Одлука за кредитно заложување на тутуни - голема зделка

(Во прилог: Предлог-одлука за кредитно заложување).
Да се гласа „ -- “, согласно дадените препораки во Информацијата.

5. Разгледување и усвојување на Извештајот од извршената ревизија на годишните сметки и финансиските извештаи на Тутунски комбинат АД Прилеп за деловната 2017 година.

(Во прилог: Предлог-одлука за одобрување на Извештајот на независниот ревизор за деловната 2017 година).
Да се гласа „ЗА“, согласно дадените препораки во Информацијата.

6.Одобрување на работата и на водењето на работењето со Друштвото на членовите на Одборот на директори

(Во прилог:
- Предлог-одлука за одобрување на работата и водењето на работењето со Тутунски комбинат АД Прилеп од извршен член Кире Станкоски,
- Предлог-одлука за одобрување на работата и водењето на работењето со Тутунски комбинат АД Прилеп од независен неизвршен член Никола Џамбазовски,
- Предлог-одлука за одобрување на работата и водењето на работењето со Тутунски комбинат АД Прилеп од извршен член Татјана Стефановска,
- Предлог-одлука за одобрување на работата и водењето на работењето со Тутунски комбинат АД Прилеп од извршен член Гоце Мојаноски,
- Предлог-одлука за одобрување на работата и водењето на работењето со Тутунски комбинат АД Прилеп од неизвршен член Ѓорѓи Михајлов,
- Предлог-одлука за одобрување на работата и водењето на работењето со Тутунски комбинат АД Прилеп од неизвршен независен член Гоце Јосифоски и
- Предлог-одлука за одобрување на работата и водењето на работењето со Тутунски комбинат АД Прилеп од неизвршен независен член Шеваљ Цеку).
Да се гласа „ЗА“, согласно дадените препораки за оваа точка во Информацијата.

7.Избор на член на Одбор на директори на Тутунски комбинат АД Прилеп.

(Во прилог: Предлог-одлука за избор на член на Одбор на директори на тутунски комбинат АД Прилеп).
Да се гласа „ЗА“, согласно дадените препораки за оваа точка во Информацијата.

8. Назначување овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка и финансиските извештаи на тутунски комбинат АД за деловната 2018 година.

(Во прилог: Предлог-одлука за назначување на овластен ревизор)
Да се гласа „ЗА“, согласно дадените препораки за оваа точка во Информацијата.

**Точка 37**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесено барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесен од хотел Пела - Охрид, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел Пела - Охрид, со седиште на нас. Св. Стефан бб - хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди), во предложениот текст.

**Точка 38**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесено барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесен од хотел Бетон - Дојран, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел Бетон - Дојран, со седиште на нас. Св. Стефан бб - хотел од петта категорија со една (1) ѕвезда), во предложениот текст.

**Точка 39**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесено барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесен од хотел Панорамика - Скопје, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел Панорамика - Скопје, со седиште на ул. Тодор Александров бр. 57 - Скопје од од втора категорија со четири (4) ѕвезди супериор), во предложениот текст.

**Точка 40**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - варовник на локалитетот „Кутлишта“ КО Цер, Општина Кичево (најнов текст), ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - Сектор за регистрирање и управување со земјоделско земјиште, во рок од три дена да даде мислење во врска со поднесената Иницијатива за започнување на

постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - варовник на локалитетот „Кутлишта“ КО Цер, Општина Кичево.

**Точка 41**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесените иницијативи за започнување на постапка за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерална суровина - варовник на локалитетите „Бела Вода и Чаршија“, Општина Ѓорче Петров и „Остра Чука“, Општина Долнени, со предлог- одлуки (нов текст) и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за одбивање на Иницијативата за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања (поради негативното мислење на Општина Ѓорче Петров за локалитетот „Бела Вода и Чаршија“), во предложениот текст.

2. Ја донесе Одлуката за одбивање на Иницијативата за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања, со заклучок во основот за донесување на Одлуката, наместо „член 15 став (2)“ да се наведе „член 15 став (21)“; (за локалитет „Остра Чука“, Општина Долнени: поради негативните мислења на Министерството за финансии - Друштвото има неплатени јавни давачки кои ги управува Управата за јавни приходи и Министерството за транспорт и врски - во однос на локалитетот „Остра Чука“ Општина Долнени констатирано е дека дел од концесионото поле е лоциран во заштитниот појас на регионалниот пат Р1303 (Р-513; делница: Прилеп-Македонски Брод), (Точка 1), од тие причини потребно е да се изврши корекција на координатите на концесионото поле).

**Точка 42**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Јавниот повик за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини и тендерска документација за спроведување на постапката за локалитетите „Трница“ Општина Студеничани и „Фабрика Кватро“ Општина Куманово по Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини („Службен весник на Република Македонија“ бр.46/18), со нов текст на Јавен повик и Тендерска документација ја усвои Информацијата и ја одобри Тендерската документација за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини.

**Точка 43**

Владата на предлог на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев ја симна од Дневен ред Информацијата од потребата за спроведување на повеќегодишна јавна набавка за избор на независна ревизорска куќа, за потребите на проектот „Рехабилитација на источниот дел од железничката пруга на коридор VIII, фаза 1 - делница Куманово - Бељаковце“, финансиран по пат на заем од Европската банка за обнова и развој.

**Точка 44**

Владата ја разгледа Информацијата од потребата за спроведување на повеќегодишна јавна набавка за избор на независна ревизорска куќа, за потребите на проектот „Подобрување

на железничка пруга Коридор 10", финансиран по пат на заем од Европската банка за обнова и развој и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Даде одобрение на Министерството за транспорт и врски за реализирање на постапка за склучување на повеќегодишен договор за јавна набавка за избор на независна ревизорска куќа, за потребите на проектот „Подобрување на железничката пруга на Коридор 10“, финансиран по пат на заем од Европската банка за обнова и развој.

2. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да ги обезбеди потребните средства за плаќање на преземените обврски, во рамките на максимално утврдените лимити за расходи за 2019 година и 2020 година.

**Точка 45**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со потребата за донесување на Програма за определување средства потребни за доделување финансиска поддршка за поттикнување и развој на воздушниот сообраќај во Република Македонија на домашни и странски превозници за периодот од 2018 - 2021 година и Уредба за начинот, поблиските критериуми за доделување на финансиска поддршка на домашни и странски авиопревозници и потребната документација која треба да се достави од корисниците на финансиската поддршка, со Предлог-уредба и Предлог-програма и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Го донесе новиот текст на Програмата за определување средства потребни за доделување финансиска поддршка за поттикнување и развој на воздушниот сообраќај во Република Македонија на домашни и странски превозници за периодот од 2018-2021 година, во предложениот текст.

2. Го донесе новиот текст на Уредбата за начинот, поблиските критериуми за доделување на финансиска поддршка на домашни и странски авиопревозници и потребната документација која треба да се достави од корисниците на финансиската поддршка, во предложениот текст.

**Точка 46**

Владата ја разгледа Информацијата со Предлог-одлука за утврдување на геодетските работи за посебни намени сврзани со ажурирање на геодетски подлоги во функција на планирање на просторот, предвидено со Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови, регулациски планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко-планска документација и урбанистичко-проектни документации за 2018 година, за изработка на ажурирана геодетска подлога за урбанистички план вон населено место за КП бр.647/1; КПбр. 456/1; КП бр. 461; КП бр.462; КП бр. 463; КП бр. 464; КП бр. 471; КП бр. 477/2; КП бр. 664; КП бр. 669; КП бр. 267; КП бр. 650; КП бр. 279/11; КП бр. 647/2; КП бр. 972; КП бр. 973; КП бр. 979/1; КП бр. 402/6; КП бр. 307/1; КП бр. 282/8; КП бр. 282/3; КП бр. 265/1; КП бр. 277/6; КП бр. 277/7; КП бр. 309/1; КП бр. 268/2; КП бр. 270/12; КП бр. 270/11; КП бр. 279/3; КП бр. 278/1; КП бр. 278/8; КП бр. 302/2; КП бр.302/3; КП бр. 279/5; КП бр. 279/6; КП бр. 270/13; КП бр. 302/1; КП бр. 282/4; КП бр. 282/5; КП бр. 302/5; КП бр. 279/7; КП бр. 282/6; КП бр.402/2; КП бр. 649; КП бр. 301/8; КП бр. 566/1; КП бр. 566/2; КП бр. 566/3; КП бр. 301/6; КП бр. 284/2; КП бр. 277/9; КП бр. 268/3; КП бр. 269/1; КП бр. 277/9; КП бр. 268/3; КП бр. 269/1; КП бр. 309/2; КП бр. 268/4;

КП бр. 308; КП бр. 301/4; КП бр. 648/1; КП бр. 310/7; КП бр. 648/2; КП бр. 302/6; КП бр. 284/3; КП бр. 672/1; КП бр. 406/2; КП бр. 406/3; КП бр. 406/4; КП бр. 406/5; КП бр. 413/2; КП бр. 450/1; КП бр. 472/2; КП бр. 511/2; КП бр. 516; КП бр. 535; КП бр. 544; КП бр. 562; КП бр. 646; КП бр. 970; КП бр. 265/2; КП бр. 522; КП бр. 488/2; КП бр. 488/3; КП бр. 668/1; КП бр. 668/4; КП бр. 501/2; КП бр. 503/2; КП бр. 519/2; КП бр. 519/3; КП бр. 975/1; КП бр. 975/3; КП бр. 976/1; КП бр. 976/2; КП бр. 977/1; КП бр. 477/1; КП бр. 478; КП бр. 480; КП бр. 485; КП бр. 488/1; КП бр. 490; КП бр. 492; КП бр. 493; КП бр. 494; КП бр. 95; КП бр. 496; КП бр. 497; КП бр. 501/1; КП бр. 502; КП бр. 503/1; КП бр. 504; КП бр. 505; КП бр. 506; КП бр. 507; КП бр. 508; КП бр. 509; КП бр. 510; КП бр. 519/1; КП бр. 975/2; КП бр. 976/3; КП бр. 977/2; КП бр. 979/2; КП бр. 278/6; КП бр. 278/7; КП бр. 310/6; КП бр. 488/4; КП бр. 488/5; КП бр. 301/5; КП бр. 671/1; КП бр. 279/12; КП бр. 284/1; КП бр. 281; КП бр. 307/2; КП бр. 472/3; КП бр. 651/2; КП бр. 978; КП бр. 406/10; КП бр. 406/6; КП бр. 406/7; КП бр. 406/8; КП бр. 406/9; КП бр. 406/1; КП бр. 408; КП бр. 413/1; КП бр. 472/1; КП бр. 511/1; КП бр. 670; КП бр. 663 и КП бр. 999, КО Идризово; КП бр. 658/10, КО Јурумлери; КП бр. 907/2; КП бр. 913, КП бр. 860, КП бр. 692/2; КП бр. 692/1; КП бр. 859/1; КП бр. 697; КП бр. 692/5; КП бр. 693/2 ; КП бр. 693/1; КП бр. 693/3; КП бр. 694/2 и КП бр. 712, КО Јурумлери - вон град и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го донесе текстот на Одлуката за утврдување на геодетските работи за посебни намени сврзани со ажурирање на геодетски подлоги во функција на планирање на просторот, предвидено со Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови, регулациски планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко-планска документација и урбанистичко-проектни документации за 2018 година (усогласен со Секретаријатот за законодавство).

2. Се препорачува на Агенцијата за планирање на просторот, во рок од пет дена до Агенцијата за катастар на недвижности да достави дефинирани граници на плански опфат со координати за локацијата за која е предвидено изработка на урбанистички план вон населено место за предметните катастарски парцели во КО Идризово, КО Јурумлери и КО Јурумлери-вон град.

3.Се препорачува на Агенцијата за катастар на недвижности, по добивање на дефинирани граници на плански опфат со координати за локацијата за која е предвидено изработка на урбанистички план вон населено место за предметните катастарски парцели во КО Идризово, КО Јурумлери и КО Јурумлери-вон град во рок од 30 дена да изработи ажурирана геодетска подлога и истата да ја достави до Агенцијата за планирање на просторот.

## Точка 47

Владата го разгледа Предлог-законот за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Советот на Министри на Босна и Херцеговина за условите за патување на државјаните на двете земји, го утврди и заклучи согласно член 188 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да го достави до Собранието.

За претставник на Владата на Република Македонија во Собранието е определен м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, а за повереници Наташа Дескоска, директор во Министерството за надворешни работи и Звонимир Поповиќ, директор во Министерството за надворешни работи.

**Точка 48**

Владата ја разгледа Информацијата за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2018/89 на Советот од 22 јануари 2018 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2016/849 за рестриктивни мерки против Демократска Народна Република Кореја, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката на Советот (ЗНБП) 2018/89 од 22 јануари 2018 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2016/849 за рестриктивни мерки против Демократска Народна Република Кореја (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 49**

Владата ја разгледа Информацијата за воведување на рестриктивните мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2018/280 на Советот од 23 февруари 2018 година за изменување на Одлука 2012/642/ЗНБП за рестриктивните мерки против Белорусија, со нов текст на Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2018/280 на Советот од 23 февруари 2018 година за изменување на Одлуката 2012/642/ЗНБП за рестриктивни мерки против Белорусија, во предложениот текст.

**Точка 50**

Владата ја разгледа Информацијата за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2018/283 на Советот од 26 февруари 2018 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2016/1693 за рестриктивни мерки против ИСИС (Даеш) и Ал Каеда и лица, групи, претпријатија и субјекти кои се поврзани со нив, со Предлог-одлука, ја усвои и го донесе новиот текст на Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2018/283 на Советот од 26 февруари 2018 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2016/1693 за рестриктивни мерки против ИСИС (Даеш) и Ал Каеда и лица, групи, претпријатија и субјекти кои се поврзани со нив, во предложениот текст.

**Точка 51**

Владата ја разгледа Информацијата за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2018/459 на Советот од 19 март 2018 година за изменување на Одлуката 2011/173/ЗНБП за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Босна и Херцеговина, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивните мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2018/459 на Советот од 19 март 2018 година за изменување на Одлуката 2011/173/ЗНБП за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Босна и Херцеговина, во предложениот текст.

**Точка 52**

Владата го разгледа Годишниот извештај за примената на Законот за бесплатна правна помош, го усвои и заклучи во рок од 30 дена да се достави до Собранието на Република Македонија согласно член 35 од Законот за бесплатна правна помош („Службен весник на Република Македонија" бр. 161/09, 185/11, 27/14 и 104/15).

За претставник на Владата на Република Македонија во Собранието е определен Оливер Ристовски, заменик на министерот за правда, а за повереник Петар Мирковиќ, државен советник во Министерството за правда.

**Точка 53**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување на Програмата за превенција на кардиоваскуларни болести (КВБ) во Република Македонија за 2018 година, во предложениот текст.

**Точка 54**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата со Спогодба помеѓу Министерството за образование и вработување на Република Малта и Министерството за образование и наука на Република Македонија за взаемно признавање на високообразовните степени, дипломи и сертификати, со усогласен текст на Спогодба, ја усвои Информацијата и го прифати усогласениот (нов) текст на Спогодбата помеѓу Министерството за образование и вработување на Република Малта и Министерството за образование и наука на Република Македонија за взаемно признавање на високообразовните степени, дипломи и сертификати.

**Точка 55**

Владата ја разгледа Информацијата за изменување на Решението за именување на членови на Советот за безбедност и здравје при работа, со Предлог-решение (нов текст), ја усвои Информацијата и го донесе Решението за изменување на Решението за именување на членови на Советот за безбедност и здравје при работа, во предложениот текст.

**Точка 56**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Радовиш, во предложениот текст.

**Точка 57**

Владата ја издаде Лиценцата за приредување на игри на среќа во обложувалница на Друштвото за промет и услуги „СПОРТ-ЛАИФ ТРЕЈД“ ДОО Скопје за деловната просторија на ул.„Иво Лола Рибар“ бр.70Б лок.20 и 21, Скопје, во предложениот текст.

**Точка 58**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на времено користење на недвижна ствар на Здружението за афирмација на ликовното творештво, организација на ликовниот живот и збогатување на ликовната култура, Друштво на ликовните уметници на Македонија, Скопје (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 59**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на времено користење на недвижна ствар на Сојуз на борците од Народноослободителната и

Антифашистичка војна на Македонија 1941 - 1945 и граѓаните продолжувачи на Град Скопје, во предложениот текст.

**Точка 60**

Владата ја донесе Одлуката за спојување на Јавните здравствени установи Здравствен дом Гевгелија и Општата болница Гевгелија во Јавна здравствена установа Општа болница со проширена дејност-Гевгелија (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 61**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Општина Штип, во предложениот текст.

**Точка 62**

Владата го разгледа Предлог-законот за дополнување на Законот за празниците на Република Македонија, поднесен од пратеникот Самка Ибраимовски и притоа го утврди следново мислење:

Со Предлог-законот за дополнување на Законот за празниците на Република Македонија, се предлага дополнување на Законот за празниците на Република Македонија, во членот 4, со кој се уредуваат празниците за поединечните етнички и верски заедници во државата. Притоа, дополнувањето се однесува на воведување на два дополнителни празници за припадниците на ромската заедница и тоа:
- 5 август за Меѓународен ден на сеќавањето на ромските жртви на геноцидот во Втората светска војна - самударипен (samudaripen) и
- 5 ноември за светски ден на ромскиот јазик.

Во Предлог -законот се истакнува дека дополнувањето на Законот за празниците со нови празници е од причина што со Резолуцијата на Европскиот Парламент од 15 април 2015 година, по повод Меѓународниот ден на ромите - анти-ромизмот во Европа, Европската Унија го признала истиот за Меморијален ден на геноцидот над ромите во Втората светска војна.

Дополнително, имајќи го предвид големото значење на негувањето на мајчиниот јазик за опстанокот на една етничка заедница, како и имајќи го предвид одредувањето од страна на УНЕСКО на 5 ноември за Светски ден на ромскиот јазик предлагачот смета, дека Република Македонија треба да го промовира истиот, преку воведување на посебен ден - празник, со кој ќе се одбележи овој ден.

Со Законот за празниците на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.21/1998 и 18/2007), се утврдуваат државните празници на Република Македонија и другите празници и се определуваат неработните денови на празнувањето. Притоа, празниците се уредени на тој начин, што го овозможуваат негувањето на верските и националните чувства на сите граѓани на Република Македонија и го унапредуваат мултиетничкиот карактер на државата.

Имајќи го предвид членот 4, чијашто содржина е предмет на дополнување со Предлог - законот, се смета дека припадниците на ромската заедница не се доведени во понеповолна

и нерамноправна положба во однос на припадниците на останатите заедници. Имено, во истиот член, е утврден 8 април, како Меѓународен ден на Ромите.

Дополнително, без намера да се минимизира значењето на одредени денови за припадниците на поединечните заедници, се смета дека празнувањето на празникот не е неминовно поврзано со користењето на неработни денови, ниту пак неодредувањето на неработни денови значи повредување на националните чувства, забрана за нивно слободно изразување или пак неможност мајчиниот јазик да се негува. Ова, заедниците можат да го остваруваат на најразлични начини и како дел од традицијата, во рамките на своите семејства и пошироката заедница.

Истовремено, Уставот на Република Македонија гарантира дека граѓаните, а оттука и припадниците на ромската заедница, се еднакви пред Уставот и законите.

Имајќи го предвид постоечкиот број на празници и соодветно на тоа, со Закон утврдените неработни денови, се смета дека предложеното дополнување на Законот во овој момент, би било нецелисходно.

Имајќи го предвид наведеното, Владата на Република Македонија му предлага на Собранието на Република Македонија да не го донесе Предлог- законот за дополнување на Законот за празниците на Република Македонија.

**Точка 63**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Комисијата за заштита на конкуренцијата за 2017 година и притоа го утврди следното мислење:

Владата на Република Македонија дава позитивно мислење по Годишниот извештај за работата на Комисијата за заштита на конкуренцијата за 2017 година со следниве констатации и укажувања:

Комисијата за заштита на конкуренција која е одговорна за спроведување на Законот за заштитата на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија бр. 145/2010, 136/2011, 41/2014 и 53/2016) и Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија бр.145/2010) изготви и достави Годишен извештај, согласно обврската утврдена во член 26 став (6) од Законот за заштита на конкуренцијата, според кој Комисијата за заштита на конкуренцијата за својата работа одговара пред Собранието на Република Македонија и најдоцна до 31 март до Собранието на Република Македонија поднесува Годишен извештај.

Во Годишниот извештај за работата на Комисијата за 2017 година, се содржани информации за надлежностите на Комисијата кои произлегуваат од Законот за заштита на конкуренцијата и Законот за контрола на државната помош, како и информации за реализираните активности на Комисијата на домашен и меѓународен план и финансиски извештај за работењето на Комисијата.

Во делот под точка 2 каде што се наведени текстуално сите активности на Комисијата за прекршок (КОП) во рамки на Комисијата за заштита на конкуренцијата, потребно е да се даде табеларен преглед на сите решенија и заклучоци донесени од страна на Комисијата за одлучување по прекршок (КОП) во рамки на Комисијата за заштита на конкуренцијата,

поделени по вид на акт и прикажан правен субјект на кој се однесува актот. Ова е потребно за да се овозможи брз преглед на активностите на Комисијата за заштита на конкуренцијата (шест решенија за постоење на забранет договор, четири заклучоци за запирање на прекршочната постапка и едно решение за злоупотреба на доминантна позиција).

Исто така на страна 16 каде табеларно се дадени како број постапките на Комисијата за заштита на конкуренцијата по однос на поднесени известувања за концентрации, Владата смета дека оваа табела треба да се преработи и во неа треба да се прикажат сите 50 решенија на Комисијата за заштита на конкуренцијата поделени по името на правниот субјект за кој се однесуваат, со цел да се овозможи побрз преглед на сите активности. После проширената табела на страна 16 може да се следи опширниот извештај со решенијата од страна 17 до страна 27 во Годишниот извештај за работа на Комисијата за заштита на конкуренцијата за 2017 година.

Секторот за индустриска и инвестициона политика согласно законската регулатива доставува регуларно известување и извештаи за доделените финансиски средства на годишно ниво, поврзани со активностите од Програмата за конкуретност, иновации и претприемништво кои се претставени и во Извештајот на страна 32.

Согласно Годишниот извештај Буџет на Комисијата за 2017 година изнесувал 18.856.000 денари, одобрен буџет 18.780.296,00, а неговата реализација до крајот од годината изнесува 18.768.907,00 денари.

**<u>Точка 64</u>**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Агенцијата за пошти за 2017 година и притоа го утврди следното мислење:

Согласно член 12 став (2) и (3) од Законот за поштенските услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/2010, 27/2014, 42/2014, 127/2014, 146/2015, 31/2016 и 190/2016 година), Агенцијата за пошти за својата работа е должна до Собранието на Република Македонија да достави годишен извештај за работата за претходната година и годишна програма за наредната година. Исто така, согласно член 16 став 1 алинеја 6 од истиот закон Комисијата го одобрува годишниот извештај за работа за претходната година на Агенцијата и годишната сметка.

Согласно доставеното, Годишниот извештај за работата на Агенцијата за пошти во 2017 година содржи 8 поглавја.

Првото поглавје дава преглед на позицијата на Агенцијата за пошти како регулаторно тело, Комисијата и Директорот на Агенцијата за пошти, и тоа од аспект на надлежностите и активностите кои тие ги имаат, а се во согласност со Законот за поштенските услуги и подзаконските акти кои произлегуваат од него.

Второто поглавје се однесува на правната рамка на Законот за поштенските услуги, при тоа обраќајќи внимание дека во текот на 2017 година се иницирале неколку измени на Законот во насока на унапредување на состојбата на пазарот, стандардите и квалитетот на поштенските услуги во Република Македонија.

Третото поглавје содржи податоци за регулацијата на пазарот на поштенски услуги, издавањето и ревидирањето на дозволи за вршење на поштенски услуги, надзорот над давателите на поштенски услуги, управни постапки пред Агенцијата и други активности.

Во оваа насока, Агенцијата за пошти има направено измени и дополнувања на неколку подзаконски акти кои се однесуваат на начинот на нејзино финансирање и работење, односно начинот и роковите на прибирање на приходите по основ на годишен надоместок, бројот на поени и вредноста на поенот за пресметување на годишниот надоместок кои давателите на поштенски услуги се должни да го платат на Агенцијата, а во насока на надминување на временскиот период во кој Собранието на Република Македонија ја одобрува годишната програма за работа на Агенцијата за пошти.

При тоа, заклучно со 31.12.2017 година, во Република Македонија работеле вкупно 33 лиценцирани даватели на поштенски услуги, вклучително со АД Македонска пошта. Од тука, овластени да работат на целата територија на Република Македонија се 16 поштенски компании, а 8 од нив вршат давање на поштенски услуги и во меѓународниот поштенски сообраќај. Од аспект на регулацијата на цените, во април 2017 година АД Македонска пошта има поднесено барање до Агенцијата за пошти за одобрување на промена во цените во поштенските услуги од опфатот на универзалната услуга во меѓународниот поштенски сообраќај, за што Агенцијата за пошти согласно законските процедури и докази кои ги има доставено АД Македонска пошта барањето го има оценето како основано. Цените на услугите во меѓународниот сообраќај биле во примена повеќе од 16 години, односно последната промена е направена во 2001 година.

Во текот на 2017 година Агенцијата за пошти постапувала по 48 управни предмети од нејзина надлежност и најголемиот дел од нив се поведени по службена должност.

Во однос на заштитата на правото на корисниците од поштенските услуги, во Агенцијата за пошти пристигнале 19 претставки и приговори од корисници на поштенските услуги незодоволни од услугите на лиценцираните поштенски оператори и тоа 12 се од физички лица, а 7 поднесоци се од правни субјекти. Согласно Извештајот за работењето, Агенцијата за пошти по сите претставки има навремено и соодветно постапено.

Четвртото поглавје содржи статитистички извештај за состојбата на пазарот на поштенските услуги од аспект на обемот на пратки, типови на пратки, поштенската мрежа, односно за бројот на точки за пристап и возила на даватели на поштенски услуги на слободниот поштенски пазар. Исто така, во четвртото поглавје се содржани показатели за бројот на вработени во поштенскиот сектор при што има и констатација дека има раст на бројот на вработени лица и дека овој сектор покажува големо значење за социјално-економскиот живот во државата. Имено, бројот на вработени во поштенскиот сектор во 2016 година кај сите даватели на поштенски услуги изнесува вкупно 3.054 лица, од кои 2.343 се вработени во Македонска пошта АД Скопје, а останатите 711 во компаниите на останатите даватели на поштенски услуги.
Бројот на вработени во Македонска пошта во 2016 година е зголемен во однос на претходната година за 3,5%, а кај останатите даватели на поштенски услуги е зголемен за цели 44%.

Петтото поглавје, се однесува на транспарентноста и меѓународната соработка. Во насока на транспарентно работење и известување на јавноста за преземените активности, меѓународната соработка и општествената одговорност на Агенцијата за пошти, Комисијата

на Агенцијата за пошти на крајот на 2017 година одржала јавна седница. Исто така, активно работела на соработката со сродни регулаторни тела во регионот и во Европа, и согласно Извештајот соработките биле во насока на стекнување знаења и меѓународни искуства во областа на поштенските услуги.

Шестото поглавје го опфаќа јакнењето на институционалните капацитети на Агенцијата за пошти за чија цел вработените во Агенцијата за пошти имаат учествувано на вкупно 7 обуки, од кои 4 специјализирани и 3 генерички обуки финансирани од буџетот на Агенцијата за пошти.

Седмото поглавје содржи извештај за состојбата на компензацискиот фонд. Согласно член 32 од Законот за поштенски услуги давателот на универзална услуга има право на надоместок на нето трошоците што настанале со обезбедувањето на универзалната услуга доколку докаже дека трошоците се повисоки од приходот остварен од обезбедувањето на универзалната услуга во претходната година.

Заклучно со 31.12.2016 година АД Македонска пошта како давател на универзална услуга нема поднесено барање за остварување на надоместок на нето трошоците.

Исто така, Агенцијата за пошти известува дека состојбата на посебната наменска сметка отворена за оваа цел дека во НЛБ Тутунска банка АД, заклучно со 31.12.2017 година изнесува 0 денари.

Последното, осмо поглавје го опфаќа Финансискиот извештај за 2017 година.

Согласно финансиските извештаи за 2017 година, Агенцијата има остварено приходи во вкупен износ од 24.122.705 денари, вкупни расходи во износ од 22.103.324 денари и останати расположливи средства во износ од 2.019.381 денари.

Финансискиот извештај за 2017 година содржи структурна анализа на планираните приходи и расходи во 2017 година и остварените приходи и расходи во истата година, како и споредбени показатели со реализираните приходи и расходи во 2016 година.

Во прилог е доставен Ревизорски извештај, согласно кој финансиските извештаи даваат вистинска и објективна слика на финансиската состојба на Агенцијата за пошти Скопје, заклучно со 31 декември 2017 година, како и на нејзината финансиска успешност за годината која што завршува тогаш, во согласност со сметководствените стандарди кои се применуваат во Република Македонија за непрофитни организации.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Македонија нема забелешки во однос на Годишниот извештај за работата на Агенцијата за пошти за 2017 година.

**<u>Точка 65</u>**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Агенцијата за електронски комуникации за 2017 година и дава негативно мислење по материјалот.

## Точка 66

Владата го разгледа Посебниот извештај на Државната комисија за спречување на корупцијата за можните злоупотреби на буџетските средства, јавните фондови и средствата на јавни претпријатија и други правни лица што располагаат со државен капитал за изборен период - предвремени парламентарни избори 2016 година и дава негативно мислење по материјалот.

## Точка 67

Владата го разгледа Извештајот за работата на Регулаторната комисија за домување за периодот од 1.7.2017 година до 31.12.2017 година и притоа го утврди следново мислење:
Владата на Република Македонија дава позитивно мислење по Извештајот за работата на Регулаторната комисија за домување.
Буџетот на Регулаторната комисија за домување за 2017 година изнесувал 10.137.000 денари, а неговата реализација до 31 декември 2017 година изнесува 8.104.015 денари.
Освен горенаведените средства, кои се обезбедени на сметката 630-Расходи на основен буџет, Регулаторната комисија за домување во 2017 година располагала и со дополнителни средства во износ од 200.000 денари, обезбедени на сметката 631 - Расходи на основен буџет од кои до 31 декември 2017 година реализирани биле 12.915 денари.
Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Македонија укажува дека е потребно доставениот Извештај за работа на Регулаторната комисија за домување да се дополни со тој податок.

## Точка 68

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Македонската радио телевизија за 2017 година и дава негативно мислење по материјалот.

## Точка 69

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2017 година и дава негативно мислење по материјалот.

## Точка 70

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во 2017 година и дава негативно мислење по материјалот.

## Точка 71

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Агенцијата за администрација за 2017 година и притоа го утврди следново мислење:

Агенцијата за администрација, согласно член 13 став (2) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 24/14, 199/14, 48/15, 154/15,

5/16, 142/16 и 11/18), за својата работа за претходната година до Собранието на Република Македонија доставува годишен извештај најдоцна до 31 март во тековната година.

Годишниот извештај за работата на Агенцијата за администрација за 2017 година е доставено согласно законскиот рок, односно на 30.3.2018 година до Собранието на Република Македонија.

Извештајот содржи податоци согласно законските надлежности, односно податоци за објавување на огласи за вработување на административни службеници, организација на постапки за селекција на административни службеници, постапување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен, спроведување на испитот за административен службеник и испитот за административно управување, водење на евиденција на кандидати кои доставиле лажни докази во пријавата за вработување и други работи утврдени со закон.

Вкупниот буџет за 2017 година изнесувал 38.222.000,00 денари, а неговата реализација на крајот на 2017 година изнесувал 98,75%, односно 37.742.982,00 денари.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Македонија нема забелешки по Годишниот извештај за работата на Агенцијата за администрација за 2017 година.

## Точка 72

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка за 2017 година и дава негативно мислење по материјалот.

## Точка 73

Владата го разгледа Извештајот за работата на ректорот и Универзитетот „Св Климент Охридски“ - Битола за академската 2016/2017 година и Извештајот за финансиското работење на Универзитетот „Св Климент Охридски“ - Битола и притоа го утврди следното мислење:

Согласно член 54 од Законот за високо образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 145/15, 154/15, 30/16, 120/16 и 127/16 ) Ректорот е должен најмалку еднаш во годината до сенатот, универзитетскиот совет и основачот, да поднесува извештај за својата и за работата на Универзитетот.
За таа цел, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола го поднесе Извештајот на ректорот за работата на Универзитетот за академската 2016/17 година, каде што се искажани активностите кои се преземени во наведениот период.
Во изминатиот период што е предмет на овој извештај, се карактеризира со натамошно продолжување на започнатиот процес кон забрзано етаблирање кон европскиот високообразовен простор, како стабилна, современа автономна и одговорна институција.

1. Нормативно уредување на Универзитетот

Процесот на нормативно уредување на дејностите на Универзитетот, Ректорската управа и Сенатот на Универзитетот во академската 2016/2017 е продолжена, како резултат на

потребите на единиците во состав на Универзитетот за остварување на високообразовната, научноистражувачката и апликативната дејност.

Во овој период донесени се повеќе акти и извршени се повеќе измени и дополнувања и тоа:
- Правилник за обезбедување квалитет на Универзитетот;
- Правилници за изменување и дополнување на правилниците за внатрешните односи и работењето на единиците на Универзитетот;
- Правилник за реализација на проекти;
- Одлука за измена на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно научни, наставни, наставно стручни и соработнички звања;
- Одлука за користење на средствата од интегрираните функции на Универзитетот „Св.Климент Охридски“ во Битола за активности поврзани со научноистражувачка дејност;

Покрај горе наведеното, од страна на Универзитетот континуирано се следат и имплементираат законските прописи и нивните измени и дополнувања надвор од високообразовната и научноистажувачката дејност, така што во континуитет се реализираат прописите од обласа на вработените во јавниот сектор, администравните службеници, општата управна постапка, заштитата на личните податоци, новите прописи за издавачка дејност, проектот за меѓусебно електронско поврзување со други институции за остварување на правата на студентите.

Исто така во изминатиот период Универзитетот ги има спроведено потребните активности за реализирање на прописите за вработување во јавниот сектор односно во делот за добивање согласност.

2. Наставно образовна дејност

Во академската 2016/2017 година, главна активност е запишување нови студенти на сите три циклуси на студирање.

Запишувањето во првиот циклус на студии го карактеризираат следните податоци: 3.543 утврдени слободни места од кои 2.040 за редовни студенти во државна квота, 790 за редовни студенти со кофинансирање и 713 за вонредни студенти, не сметајки ги посебните квоти предвидени за припадниците на безбедносните сили и за припадниците на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Реализација на Конкурсот во услови на понудени 48 студиски програми на единиците на Универзитетот се запишани 1.790 студенти, од кои 1.369 редовни студенти, 203 вонредни студенти и 109 студенти запишани по други основи.

Во Конкурсот се наведени и две нови студиски програми.

Исто така, во рамки на Проектот 30/35 се објавени 45 слободни места за седум стручни програми и тоа на Техничкиот факултет и Високата медицинска школа.

На вториот циклус на студии, врз основа на Конкурсот на 57 универзитетски и 19 специјалистички стручни студиски програми се објавени 1.159 слободни места и тоа 970

на студиските програми на универзитетските студии и 189 на студиските програми на стручните студии.

На третиот циклус на студии запишани се 53 кандидати.

На голем број студиски програми на универзитетот се извршени промени и усогласување со цел да се одговори на законските одредби, особено во поглед на сите елементи на студиските програми, пропишани во процедурата за нивна акредитација, односно реакредитација.

Исто така, биле предложени и проекти за воведување 4 нови студиски програми од прв циклус студии.

Во рамки на уписната политика на универзитетот, реализирани се бројни активности за подготовка и објавување на Конкурсот за запишување студенти на прв циклус студии на студиските програми на Универзитетот „Св.Климент Охридски“ во Битола во академската 2017/2018 година.

Конкурсот за запишување на студентина прв циклус студии се реализирал во три уписни рокови.

Во изминатиот период, Универзитетот, покрај многуте активности, обрна особено големо внимание кон воведување и заживување на третиот циклус-докторски студии.

3. Издавачка дејност

Значајно место во интегративните процеси на Универзитетот зазема и развојот на издавачката дејност, која, пред се, е во функција на ефикасноста во студирањето.

Издавачката дејност на Универзитетот се остварува преку издавање учебници, учебни помагала.монографии, студии, годишни зборници, гласила на универзитетот и друга прирачна литература.

4. Меѓународна соработка

Следејки го развојот на научните, технолошките и образовните иновации, меѓународната соработка на Универзитетот „Св.Климент Охридски“ во Битола е фокусирана во правец на интензивно вклучување во европските образовни и истражувачки центри, регионалните централно - источноевропски иницијативи за соработка со медитеранските и балканските земји, универзитетите во САД и други академски центри.

- ЕРАЗМУС + - партнерство за мобилност на студенти и наставен кадар
- ЕРАЗМУС МУНДУС Акција 2 - Проектот BASILEUS

Програмите за академска мобилност се од големо значење за развојот на квалитетот на студиските програми и идното вработување на студентите и се тесно поврзани со имплементација на реформите од болоњскиот процес и европските образовни стандарди.
Универзитетот „Св.Климент Охридски“ во Битола е партнер во следните програми за мобилност на студентите и наставниот кадар кои се дел од програмата. Меѓународната

соработка на Универзитетот „Св.Климент Охридски“ во Битола во изминатиот период се остварува по пат на

- Билатерални меѓууниверзитетски и меѓуинституционални договори за соработка; и
- Активно учество во меѓународните асоцииации и мрежи поврзани со високото образование.

Универзитетот „Св.Климент Охридски“ во Битола активно учествува и во меѓународните асоцијации и мрежи поврзани со високото образование и следење на најразлични форуми, средби и настани со меѓународен предзнак.

5. Финансирање

Своето финансиско работење, во наведениот период, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола го нема прикажано според планираните активности во Програмата за работа на Универзитетот, Финансискиот план, Статутот на Универзитетот, Законот за буџети на Република Македонија, Законот за извршување на буџетот на Република Македонија, Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, како и Правилникот за сметководствениот план за буџетите и буџетските корисници, Правилникот за класификација на приходите и расходите и други акти кои ја регулираат оваа материја. Бидејки, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола и единиците во состав на универзитетот се Буџетски корисници и се финансираат од Буџетот на Република Македонија, потребно е во Извештајот да ги прикажат приходите и расходите на сметките од типот 603.

Основен и единствен извор на финансирање на буџетската сметка е Министерството за образование и наука, а на сметката за сопствени приходи е продажбата на учебници, дипломи, обрасци, материјали и други приходи. Во останатите сметки, извори на финансирање се уплатите од студентите, соодветни на намената за која се отворени, додека како извор на финансирање на сметките на проектите се соодветните донатори.

Согласно со Статутот на Универзитетот и единиците на Универзитетот учествуваат во остварување на интегрираните и други дејности на Универзитетот, со процент од остварените приходи.

Распределбата, односно трошењето на средствата од сметките на Универзитетот, треба да се извршува наменски, во согласност со утврдениот Финансиски план. Меѓутоа, истото во Извештајот не е целосно опфатен.

Исто така, постои неусогласеност на табеларните прегледи со трезорската евиденција.

Согласно ова, да се корегираат табеларните прегледи согласно податоците од трезорската евиденција.

Тргнувајќи од ова, Владата на Република Македонија дава позитивно мислење по однос на Извештајот за работата на Ректорот и Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола за академската 2016/2017 година, Извештај за финансиското работење, со горенаведените укажувања.

## Точка 74

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 5 од Законот за Државно правобранителство, поднесено од пратеникот Реџаиљ Исмаили и притоа го утврди следново мислење:

Со оглед дека Државниот инспекторат за транспорт е орган во состав и има статус на орган на државна управа во состав на Министерството за транспорт и врски подлежи на правна заштита пред надлежните институции преку Државниот правобранител на Република Македонија. Согласно горенаведеното, Владата му предлага на Собранието на Република Македонија да не даде автентично толкување на член 5 од Законот за Државно правобранителство, бидејќи станува збор за примена на закон.

## Точка 75

Владата го разгледа  Барањето за давање на автентично толкување на член 13 од Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“, бр.132/17), поднесено од Народниот правобранител Иџет Мемети и притоа го утврди следново мислење:

Членот 13 од Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија бр.132/17“), кој гласи „Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, го уредува влегувањето во сила на Законот, јасен е и нема потреба од негово автентично толкување.

## Точка 76

Владата го одложи за 15 дена разгледувањето на Иницијативата поднесена од адвокат Павлина Зефиќ од Скопје, до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.19/2018 за поведување на постапка за оценување на уставноста на повеќе одредби од Законот за кривичната постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.150/2010 и 100/2012), со заклучок истата претходно да се разгледа на наредната седница на Комисијата за политички систем, поради потребата Министерството за правда да подготви мислење во соработка со Секретаријатот за законодавство и истото да го достави до Владата.

## Точка 77

Владата ја разгледа Понудата од нотар Сашо Клисароски од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 94674  за КО Ѓорче Петров 2 - Мирче Ацев на КП бр. 5770 и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 78

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ана Јолакоска за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1439 за КО Јурумлери на КП бр.153, викано место Динек и по Понудата го усвои Известувањето од Министерството за транспорт и врски.

**Точка 79**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Роза Николова од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 393 за КО Ѓорче Петров 5 - Лепенец на КП бр. 3448 и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 80**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Никола Спасовски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 192529 за КО Драчево 2 на КП 12227 и Имотен лист бр. 1628 за КО Горно Лисиче на КП 2983 и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 81**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Понудата од нотар Никола Спасовски за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.14281 за КО Драчево на КП 2269 место викано Љубаш, со заклучок истата претходно да се разгледа на наредната седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата Министерството за транспорт и врски да подготви и до Владата да достави ново мислење по Понудата, врз основа на дополнително доставената документација - Извод од урбанистички план.

**Точка 82**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Махир Зибери од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 1829 за КО Чаир на КП бр. 136 и не ја прифати Понудата имајќи го предвид Мислењето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 83**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Махир Зибери за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 31188 за КО Чаир на КП бр.137 и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните Мислења на Министерството за транспорт и врски и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 84**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Махир Зибери од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 31186 за КО Чаир на КП бр. 154 и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид мислењата на Министерството за транспорт и врски и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 85**

Владата ја разгледа Понудата за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.535 за КО Трубарево на КП 215 место викано Тасевица, доставена од нотар Ирфан Тахири од Скопје и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски и го прифати Мислењето на Агенцијата за катастар на недвижности.

**Точка 86**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Нита Џафери Исени од Тетово за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 2112 за КО Тетово на КП 5150 викано место/улица Г. Теќе и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 87**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Катерина Митревска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 10050 за КО Горно Лисиче Градежен на КП 2143 место викано/ул. Каменик и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски и негативните мислења на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Агенцијата за катастар на недвижности.

**Точка 88**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Фатмир Ајрули, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр2979 за КО Јурумлери на КП бр.206 и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 89**

1. Владата го разреши Билен Саљији од должноста претседател на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој.

1.1. Владата го именува д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, за претседател на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој.

2. Владата донесе Решение за престанување на важење на Решението за разрешување членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза-Скопје (број 24-4965/1 од 2.5.2018 година, во делот од точка 1 алинеа 1, објавено во („Службен весник на Република Македонија бр. 87/2018“).

**Точка 90**

**1.** Владата ги разгледа:

- Информацијата за текот и прогресот на активностите за реализација на проектот „Електронска наплата на надоместоците од Агенцијата за цивилно воздухопловство,

- Информацијата за текот и прогресот на активностите за реализација на проектот „Софтвер за електронско обезбедување на документација за работа на спортски авиоклуб (налози за лет, часови за лет на пилоти, воздухоплови, ресурси на авиони, осигурување),

- Информацијата за текот и прогресот на активностите за реализација на проектот „Воздухопловни карти и процедури за VFR летање и VFR ноќно летање“,

- Информацијата за текот и прогресот на активностите за реализација на проектот „Воздухопловен потсетник“,

- Информацијата за текот и прогресот на активностите за реализација на проектот „Изготвување на анализа за санација на земјоделските аеродроми и леталишта,

- Информацијата за текот и прогресот на активностите за реализација на проектот „Интеграција со оперативниот центар на EUROCOTROL во Мастрихт и централизирано користење на АТМ - Инфраструктурата“ и

- Информацијата за текот и прогресот на активностите за реализација на проектот „Имплементација на проектот AIRPORT COLLABORATIVE DECISION MAKING“, доставени од Агенцијата за цивилно воздухопловство, како материјал за информирање.

**2.** Врз основа на Извештајот од 39-та седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, одржана на 21.5.2018 година, точка Прашања и предлози, Владата заклучи Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во најкраток можен рок да ја информира Владата за статусот на постапката за донесување на Методологијата за утврдување на висината на надоместоците за наводнување, одводнување, одведување на испуштени води и за испорачана количина на вода за водоснабдување и за индустриски потреби, како и да ги обезбеди сите потребни мислења од надлежните институции, со цел донесување на Методологијата.

**3.** Во врска со решавањето на проблемот со линданот во АД Охис - Скопје, во стечај, Владата заклучи да формира работна група во следниов состав: д-р Драги Рашковски, генерален секретар на Владата, Садула Дураку, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Аднан Ќахил, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, со цел изнаоѓање на решенија за линданот кој се наоѓа во хемискиот комбинат АД Охис - Скопје, во стечај.

Согласно ова, Работната група да ја информира Владата, во рок од три месеци за можните решенија за решавање на ова прашање.

Истовремено, Владата заклучи Работната група да ги разгледа и можните решенија за решавање на прашањето со експлозивниот материјал кој се наоѓа во Макпетрол.

**4.** Владата го разгледа Барањето на Министерството за финансии за изменување на Заклучокот 2, од точка 92 од Нацрт - записникот од 67 - та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 8.5.2018 година и заклучи истиот да се измени и гласи:

„Се задолжува Министерството за финансии во соработка со Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија да изнајдат решение за обезбедување на потребните средства согласно финансиската конструкција на соодветните институции во Програмата, бидејќи активностите за одбележувањето не се предвидени во програмите на институциите за тековната буџетска година“.

**5.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Македонија за период од 14.5.2018 до 20.5.2018 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Македонија и Собранието на Република Македонија.

## Точка 91

Владата ја разгледа Информацијата за текот и прогресот на активностите во врска со проектот „Физибилити студија за реконструкција и ставање во комерцијална употреба на мала хидроелектрична централа „Глажња“ и мала хидроелектрична централа „Липково“”, со Физибилити студија на македонски и англиски јазик, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи да се имаат предвид мислењата на:

- Министерството за животна средина и просторно планирање со укажувања дека АД Водостопанство на Република Македонија, во државна сопственост, Скопје, како носител на дозвола за користење на вода и управување со системот да ги спроведе сите активности неопходни за реконструкција, санација и доградба на МХЕ Глажња и МХЕ Липково, како и да се предвиди во дозволата и производство на електрична енергија и

- Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори со укажување Информацијата да се разгледа на Советот за економски раст и одржлив развој со цел да се заземе став по можноста за изградба на малите хидроцентрали преку склучување на договор за јавно приватно партнерство.

## Точка 92

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за реализација на кредитите и проектите од ЕБРД со гантограм за реализација (динамика на реализација, технички и финансиски аспекти на имплементација), како материјал за информирање.

Истовремено, Владата го задолжи АД МЕПСО да ја информира Владата за имплементацијата на проектите на секои три месеци.

## Точка 93

Владата ја разгледа Информацијата за текот и прогресот на активностите за реализација на проектот „Поддршка на Воздухопловната федерација“, како материјал за информирање.

## Точка 94

Владата ја разгледа Информацијата за прогресот на активностите од проектот „Посета на компании“ кои имаат проблем во постапката за приватизација на градежно земјиште во државна сопственост и за остварените средби со физички и правни лица за проблеми од имотно-правен карактер, како материјал за информирање.

## Точка 95

Владата ја разгледа Информацијата за донесувањето на новиот акт за внатрешна организација во врска со процесите на извршување на работните обврски, конкретно за постапување по барања за промени во катастарот на недвижности, како материјал за информирање.

**Точка 96**

Владата го разгледа Извештајот за работа на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони за периодот од 1.7.2017 година до 31.12.2017 година, како материјал за информирање.

**Точка 97**

Владата го разгледа Извештајот за работа на Советот на Институтот за акредитација на Република Македонија за 2017 година, како материјал за информирање.

**Точка 98**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со статусот на реализација на Договорот за концесија за вода за изградба на мали хидроелектрични централи за локација бр.115 Бањанска Река на Концесионерот ЕМК ДООЕЛ Мали хидроелектрани, како материјал за информирање.

**Точка 99**

Владата ја разгледа Информацијата за активностите на Министерството за внатрешни работи за спречување на бесправната сеча на шуми, во периодот од 1.1.2018 до 31.3.2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 100**

Владата ја разгледа Предлог-фискалната стратегија на Република Македонија за 2019-2021 година, ја донесе Фискалната стратегија и заклучи да ја достави до Собранието на Република Македонија, за информирање.

**Точка 101**

Владата ја разгледа Информацијата за започнување на подготвителни работи и претходна анализа на Брза помош/Pre-hospital Health Care, за основните показатели за природата на Договорот што треба да биде склучен со цел за воспоставување на јавно приватно партнерство, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за здравство да започне подготвителни работи за проектот „Брза помош/Pre-hospital Health Care“, вклучително и изработка на физибилити студија за оправданост на доделување Договор за воспоставување јавно приватно партнерство.

**Точка 102**

Владата ја разгледа Информацијата за започнување на подготвителни работи и претходна анализа на ЈЗУ Универзитетски институт за позитронско-емисиона томографија, за основните показатели за природата на договорот што треба да биде склучен, со цел за воспоставување на јавно приватно партнерство и ја усвои со заклучок:

- се задолжува Министерството за здравство да започне подготвителни работи за проектот „ЈЗУ Универзитетски институт за позитронско-емисиона томографија“, вклучително и

изработка на физибилити студија за оправданост на доделување договор за воспоставување јавно приватно партнерство.

## Точка 103

Владата ја разгледа Информацијата за започнување на подготвителни работи и претходна анализа за интегрирано менаџирање и иновативни решенија за хируршки зафати и здравствена заштита од болнички инфекции, за основните показатели за природата на договорот што треба да биде склучен со цел за воспоставување на јавно приватно партнерство, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за здравство да започне подготвителни работи за проектот „Интегрирано менаџирање и иновативни решенија за хируршки зафати и здравствена заштита од болнички инфекции“, вклучително и изработка на физибилити студија за оправданост на доделување договор за воспоставување јавно приватно партнерство.

## Точка 104

Владата ја разгледа Информацијата за статусот на преговорите со Банката за развој при Советот на Европа, досегашните активности на Клиничкиот центар „Мајка Тереза“ и запирање на Проектот за изградба и модернизација на истиот и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за финансии и Министерството за здравство, во рок од 10 дена од усвојување на оваа информација, да ја информираат Банката за развој при Совет на Европа (ЦЕБ) за откажување на компонентата Клинички центар Мајка Тереза од Проектот за реконструкција и доградба на Клинички центар „Мајка Тереза“ во Скопје и Регионална Клиничка болница Штип и за истото да се побара од ЦЕБ да достави Амандман на Рамковниот договор за заем за истото.

2. Се задолжува Министерството за финансии, во рок од еден месец по добивање на Амандман на Рамковниот договор за заем за откажување на компонентата Клинички центар Мајка Тереза од Проектот за реконструкција и доградба на Клинички центар „Мајка Тереза“ во Скопје и Регионална Клиничка болница Штип, да подготви и да достави до Владата предлог за изменување на Законот за задолжување на Република Македонија кај Банката за развој при Советот на Европа по Рамковниот договор за заем за финансирање на Проектот за изградба и модернизација на клиничкиот центар Мајка Тереза во Скопје и Регионалната клиничка болница во Штип.

## Точка 105

Владата ја разгледа Информацијата за започнување на подготвителни работи и претходна анализа на ЈЗУ „8ми Септември“ во Скопје за обезбедување квалитетни и безбедни здравствени услуги за македонските граѓани според најдобрата светска пракса, за основните показатели за природата на договорот што треба да биде склучен со цел воспоставување на јавно приватно партнерство, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за здравство да започне подготвителни работи за проектот „ЈЗУ „8ми Септември“ во Скопје за обезбедување квалитетни и безбедни здравствени услуги за македонските граѓани според најдобрата светска пракса“, вклучително и изработка на физибилити студија за оправданост на доделување договор за воспоставување јавно приватно партнерство.

## Точка 106

Владата ја разгледа Информацијата за вработувањата во основните и средните училишта, ја усвои и го задолжи Министерството за образование и наука да бара согласност од Министерството за финансии за вработување на лица на неопределено работно време во дејноста на основното и средното образование за работни места за кои може да се оствари полно работно време.

## Точка 107

Владата ја донесе Одлуката за одобрување на средства од буџетот на Министерството за образование и наука за 2018 година, со заклучок Министерството за образование и наука текстот на Одлуката да го усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 108

Владата ја разгледа Информацијата за доделување на средства за реализирање на студиските програми за 2018 година на Приватната високообразовна установа Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ги донесе следните заклучоци:

1. Оценува дека Програмата за финансирање на студиските програми, доставена од страна на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово, е во насока на остварувањето на јавниот интерес, односно задоволување на јавните потреби во остварувањето на високообразовната дејност.

2. Ја донесе Одлуката за обезбедување наменски средства на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово за 2018 година, што предлагачот претходно ќе ја усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 109

Владата ја разгледа Информацијата со Предлог-одлуки за доделување на средства за реализирање на студиските програми за 2018 година на Православниот Богословски факултет „Св. Климент Охридски" - Скопје придружна членка на Универзитет „Св.Кирил и Методиј" во Скопје и на Факултетот за Исламски науки - Скопје, со Предлог-одлуки и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за доделување на средства за реализирање на студиските програми за 2018 година на Православниот Богословски факултет „Св.Климент Охридски" - Скопје придружна членка на Универзитет „Св.Кирил и Методиј" во Скопје, во предложениот текст.

2. Ја донесе Одлуката за доделување на средства за реализирање на студиските програми за 2018 година на Факултетот за Исламски науки - Скопје, во предложениот текст.

## Точка 110

Владата ја разгледа Информацијата за набавка на услуги за колокација на информатичка опрема и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Даде согласност за дообезбедување на средства кои би биле потребни за реализација на договорот и согласност за промена на динамиката за плаќање на јавната набавка на услуги за колокација на информатичка опрема, по која треба да се склучи повеќегодишен договор.

2. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација да започне реализација на договорот и да направи промена на динамиката за плаќање на јавната набавка на услуги за колокација на информатичка опрема за проектот „Регистар на население", каде плаќањето се планира да биде реализирано во три години, односно:

- за 2018 година во износ од 1.500.000,00 денари, средства кои се обезбедени во буџетот на министерството,

- за 2019 година во износ од 4.250.000,00 денари и

- за 2020 година во износ од 4.250.000,00 денари, средства кои ќе бидат планирани во Предлог-буџетските барања за 2019 и 2020 година.

**Точка 111**

Владата ги донесе новите текстови на:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерството за информатичко општество и администрација и

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерството за култура, во предложените текстови.

**Точка 112**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, со заклучок:

во член 2 од Одлуката, зборовите „а за потребите на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија", да се избришат, односно истите да бидат составен дел на Образложението кон Одлуката.

**Точка 113**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со формирање на работна група која ќе подготви тендерска документација за спроведување на тендерска постапка за избор на универзален снабдувач со електрична енергија и снабдувач во краен случај со електрична енергија и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен на економски прашања и за координација со економските ресори, во рок од седум дена да формира Работна група составена од претставници од Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен на економски прашања и за координација со

економските ресори, Министерството за економија и Регулаторната комисија за енергетика.

2. Се задолжува Министерството за економија, а се укажува на Регулаторната комисија за енергетика, во рок од три дена, до Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен на економски прашања и за координација со економските ресори, да доставaт номинации за членови и заменици на членовите во Работната група.

3. Се задолжува Работната група, во соработка со Секретаријатот на енергетската заедница, во рок од 60 дена да ја подготви тендерската документација за спроведување на тендерска постапка по пат на јавен повик, согласно прописите со кои се уредува набавка на јавна услуга за избор на универзален снабдувач со електрична енергија и снабдувач во краен случај со електрична енергија и истата да ја достави до Владата.

*

*   *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 16:50 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Драги Рашковски**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Зоран Заев**